

(https://ads.360stepeni.mk/ww oaparams=2__bannerid=372__zoneid=1__cb=15ab51ca bileti-nastan



МАКЕДОНИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/AKTUELNO/)

# ЗНМ бара итна и ефикасна истрага за напаѓачот на снимателот на ТВ24

360степени (https://360stepeni.mk/author/codeart_admin/) | 14 ноември, 2022 18:06



(https://ads.360st oaparams=2__bar bileti-nastan)

**Од ЗНМ контактирале со Скопското јавно обвинителство со обвинителката Искра Хаџи Василева која е назначена за предмети поврзани со напади врз медиумски работници за понатамошно процесирање на случајот. Од ЗНМ велат дека ќе ја следат истрагата и ќе инсистира на одговорност од страна на лицето кое физички го нападнал колегата снимател и го спречил физички да ја изврши својата работа**





(h oa

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон колегите од ТВ24.

Денеска, информираат од ЗНМ, за време на снимање на инсерти за видеоприлог за потребите на телевизијата, вербално, а потоа и физички биле нападнати колегите од страна на едно лице.

Од ЗНМ велат дека контактирале со сниметелот на ТВ24 Љубиша Игнатов кој го потврдил инцидентот.

> **,,Додека снимавме инсерти на ул. Пржино, куќа 28/б, во која според избирачки список живее Олександр Онишченко, сопственикот на куќата, извесен Миле, физички ме нападна откако упати пцости и погрдни зборови кон мене. Лицето замавнувајќи со лактот ме удри во пределот на главата и вратот",**
>
> изјави Игнатов за ЗНМ.

Случајот е пријавен во Министерството за внатрешни работи.

ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот.

> **„ЗНМ веднаш контактираше со Скопското јавно обвинителство со обвинителката Искра Хаџи Василева која е назначена за предмети поврзани со напади врз медиумски работници за понатамошно процесирање на случајот. ЗНМ ќе ја следи истрагата и ќе инсистира на одговорност од страна на лицето кое физички го нападнал колегата сниметел Игнатов и го спречил физички да ја изврши својата работа",**
>
> велат од Здружението на новинарите на Македонија.

Од таму потенцираат дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик, а МВР и ОЈО треба итно да ги истражат и процесираат, со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот, но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.

**СПОДЕЛИ**






(h
oa

## Последни новости



(https://360stepeni.mk/vuch
pretsedatelot-naredi-vojskata
srbija-e-na-najvisoko-nivo-na-
borbena-gotovnost/)



(https://360stepeni.mk/juzhn
koreja-go-potvrdi-prviot-
sluchaj-na-infektsija-so-
parazitot-koj-jade-mozok/)



(https://360stepeni.mk/kina-
na-8-januari-ke-go-ukine-
zadolzhitelniot-karantin-pri-
vlez-vo-zemjata/)